Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 109 став (4) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јануари 2021 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Тони Манојловски од Скопје УП2 09-237/20 од 3 декември 2020 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-458 од 10 јули 2020 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-458 од 10 јули 2020 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Тони Манојловски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-237/20 од 3 декември 2020 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција).

Жалителот го оспорува Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција бр. 11-458 од 10 јули 2020 година издадено од КЕЦ Велес, поради непостоење на технички услови за приклучок.

Според Електродистрибуција, приклучокот не може да биде решен со изградба или реконструкција на нисконапонската мрежа. Единствено решение е нов среднонапонски вод, нова трафостаница и нова нисконапонска мрежа. Нема ДУП за тоа подрачје, падот на напон е 23%, трафостаницата е на 1200 метри од објектот.

На 29 декември 2020 година се одржа седница на Комисијата за постапување по приговори на која се заклучи Електродистрибуција да достави GIS скица со вцртана мрежа, објект и информација за состојбата со потенцијални баратели на приклучок во околината, при што на 15 јануари 2021 година истата беше доставена.

На седницата одржана на 20 јануари 2021 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-237/20 од 3 декември 2020 година со прилог:
   - Решение за одбивање 11-458 од 10 јули 2020 година
   - Имотен лист бр. 587 за КП бр. 1164, КО Горно Коњари
   - Извод од план бр. 09-923/2 од 19 јуни 2020 година издаден од Општина Петровец
   - Решение за легализација бр. 09-2806/8 од 14 февруари издадено од Општина Петровец
2. Одговор на приговор од 28 декември 2020 година со прилог:
   - БСП-1 Образец од 30 јуни 2020 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09 – 237/20**
**28 јануари 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**